# Конкурс за ученици од основното и средното образование по повод Светскиот ден на штедењето – 31 октомври и Денот на осигурувањето – 1 ноември

Врз основа на Одлуката за објавување конкурс за ученици од основното и средното образование по повод Светскиот ден на штедењето – 31 октомври и Денот на осигурувањето – 1 ноември и одобрување средства О. бр. 02-30505/1 од 3.10.2019 година, Народната банка на Република Северна Македонија, Министерството за финансии на Република Северна Македонија и Агенцијата за супервизија на осигурување објавуваат

**КОНКУРС**
**за ученици од основното и средното образование по повод**
**Светскиот ден на штедењето – 31 октомври**
**и Денот на осигурувањето – 1 ноември**

1. *Теми и услови на конкурсот за учениците од основното образование*

Учениците од основното образование може да испратат **литературна творба – песна и/или ликовна творба – цртеж, вклучително и цртеж изработен на дигитален уред**, на една или на двете зададени теми:

**„Штедам, сонувам и желбите ги остварувам" и**

**„Осигурувањето и јас"**

За избраните најдобри творби на учениците од основно образование ќе им бидат доделени вкупно 12 награди, и тоа:
- по 3 награди за најдобра литературна творба – песна на двете теми, или вкупно 6 награди и
- по 3 награди за најдобра ликовна творба – цртеж, вклучително и цртеж изработен на дигитален уред, на двете теми, или вкупно 6 награди.

На учениците чиишто творби ќе бидат наградени ќе им биде доделена парична награда во износ од по 3.000,00 денари за најдобра ликовна и литературна творба, со исплата на средствата во банка по нивен избор.

**Крајниот рок за доставување на творбите е 21 октомври 2019 година.**

2. *Теми и услови на конкурсот за учениците од средно образование*

Учениците од средното образование може да учествуваат на конкурсот преку доставување:

а) литературна творба – **есеј** на тема: **„Парите и штедењето – некогаш и сега"**.

Есејот треба да има најмногу 1.800 збора и да содржи личен поглед кон улогата на парите и штедењето низ времето, со осврт на некои од следниве прашања: улогата на парите и штедењето во економијата, значењето на штедењето за иднината, ставот на младите кон штедењето,

семејните навики и штедењето, класичните наспроти современите форми на штедење, класичните наспроти новите начини на плаќање, познавањата на младите за штедењето во финансиските институции, ставот на младите во однос на потребите за финансиска едукација и други аспекти.

б) литературна творба – **расказ** на тема: **„Животот е полн со изненадувања, осигурувањето е мојата финансиска безбедност и заштита“**.

За избраните најдобри творби на учениците од средното образование ќе им бидат доделени вкупно 6 награди, и тоа:
- 3 награди за најдобра литературна творба – есеј и
- 3 награди за најдобра литературна творба – расказ.

На учениците чиишто творби ќе бидат наградени, ќе им биде доделена парична награда во износ од по 6.000,00 денари со исплата на средствата во банка по нивен избор.

**Крајниот рок за доставување на творбите е 21 октомври 2019 година.**

*Заеднички услови коишто важат за учениците од основното и средното образование:*
Со цел да се заштити работата на учениците, Ве молиме потпишете ги Вашите творби, со тоа што на задниот дел на творбите задолжително ќе се наведат следниве информации:

- Име и презиме на ученикот;
- Назив на училиштето каде што ученикот посетува настава (одделение / година / општина / село / град);
- Име и презиме на родителот / старателот со адреса на живеење и
- Телефон за контакт на родителот / старателот / наставникот / професорот.

**Начин на достава на творбите:**

Сите творби (цртеж, песна, расказ и есеј) може да се достават директно во Архивата на Народната банка или преку пошта. Литературните творби (песна, расказ и есеј) и ликовните творби (исклучиво цртеж изработен на дигитален уред) може да се достават и по електронски пат на следнава електронска адреса: tvorbi@nbrm.mk.

Адреса за достава преку пошта со назнака:
**„За конкурсот по повод Светскиот ден на штедењето – 31 октомври“ и/или**
**„За конкурсот по повод Денот на осигурувањето – 1 ноември“**

**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**бул. „Кузман Јосифовски-Питу“ бр. 1, 1000 Скопје.**

Пристигнатите творби ќе бидат разгледувани и оценувани од жири-комисиите формирани од претставници на Народната банка на Република Северна Македонија, Министерството за финансии на Република Северна Македонија и Агенцијата за супервизија на осигурување.

Списокот на наградените ученици, датумот и локацијата на доделувањето на наградите ќе бидат објавени најдоцна до 31 октомври 2019 година, на интернет-страниците на трите институции: на Народната банка http://nbrm.mk/, на Министерството за финансии http://finance.gov.mk/ и на Агенцијата за супервизија на осигурување http://aso.mk/.

За подетални информации Ве молиме обратете се на електронската пошта на Народната банка: tvorbi@nbrm.mk, Министерството за финансии: finance@finance.gov.mk и Агенцијата за супервизија на осигурување: contact@aso.mk.